АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2012 ГОДИНА

Скопје, 2013

# СОДРЖИНА

1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА 3

2. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ 4

3. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2012 ГОДИНА 4

3.1. РЕГУЛАТИВА 5

3.2. СУПЕРВИЗИЈА 6

3.3. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ 7

4. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ 8

5. ЕДУКАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ 9

6. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ 10

7. ПРОЕКТИ 11

# 1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА

Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст „АСО“) е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Законските надлежности на АСО се однесуваат на:

- Спроведување на супервизија над друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и застапниците во осигурување, правните лица кои се поврзани со друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
- Донесување подзаконски акти;
- Одлучување за издавање или одземање дозволи, давање или повлекување согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања; како и
- Изрекување мерки спрема друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои АСО има надлежност да спроведува супервизија.

Во рамки на своите овластувања и надлежности, како и преку членство во меѓународни асоцијации од областа на осигурувањето и соработка со други надзорни органи, АСО има за цел да придонесе за зајакнување и поттикнување на развојот на осигурителниот пазар во земјава, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и другите корисници на осигурувањето.

Улогата на АСО на пазарот на осигурувањето е насочена кон зајакнување на солвентната позиција на друштвата за осигурување, подобрување на начинот на финансиското известување на овие субјекти, унапредување на корпоративното работење и на процесите на работа во овие субјекти. АСО влијае врз зајакнување на нивото на финансиска контрола и поголемата финансиска стабилност на земјата, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и корисниците на осигурување.

АСО за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Собранието го усвојува финансискиот план на АСО, како и годишната сметка која мора да биде ревидирана од страна на независен овластен ревизор.

Орган на управување на АСО е Советот на експерти, составен од претседател на Советот и 4 члена. Претседателот и четирите членови на Советот на експерти на АСО ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 август 2009 година, донесе одлука за именување на претседателот и членовите на Советот на експерти на АСО, каде што се именуваат:

- д-р Климе Попоски, претседател,
- Зоран Стојановски, член,
- Лулзим Имери, член,
- Илија Граорковски, член, и
- д-р Силвана Мојсовска, член.

АСО има статус на правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија и започна со работа на 1 ноември 2009 година. Со основањето на АСО престанаа надлежностите на Министерството за финансии за спроведување супервизија на осигурување.

Во текот на 2012 година АСО активно работеше за реализација на законски утврдените функции, како од аспект на унапредување на регулативата на пазарот на осигурување така и од аспект на супервизијата на сите учесници во работењето на пазарот на осигурување во Република Македонија.

Советот на експерти работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Во текот на 2012 година Советот на експерти на АСО одржа 27 седници.

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Согласно Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата (Службен весник на РМ бр. 147/09, 149/09, 154/09 и 20/12), кој стапи на сила од 01.01.2010 година, работењето на АСО се финансира со надоместоци што ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои АСО спроведува супервизија.

Советот на експерти на седницата одржана на 14 декември 2012 година го донесе финансискиот план на АСО за 2013 година и истиот го достави до Собранието на Република Македонија заради усвојување.

## 3. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2012 ГОДИНА

Во согласност со приоритетите поставени за 2012 година, АСО донесе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување, супервизорски мерки, одлуки од доменот на лиценцирањето, организираше циклус на едукација и испити за осигурителни застапници, брокери и актуари, како и бројни акти со цел поддршка на работата и зајакнување на внатрешните капацитети на АСО.

## 3.1. Регулатива

Во текот на 2012 година се донесени 6 подзаконски акти со кои е воведена дополнителна регулатива на дел од законската материја во повеќе области.

**Од областа на лиценцирањето** се донесени 2 подзаконски акта:

- Правилник за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности од страна на АСО согласно Законот за супервизија на осигурување;
- Правилник за потребна документација која се доставува кон барањето за добивање дозволи.

Со овие подзаконски акти прецизно се регулираат начинот, постапката и документацијата потребна за добивање дозволи и согласности од страна на АСО согласно Законот за супервизија на осигурувањето и се пропишуваат детални стандарди во постапките на лиценцирање на членови на орган на управување во друштво за осигурување, промена на статут, стекнување квалификувано учество и други постапки за издавање дозволи и согласности пропишани во Законот за супервизија на осигурувањето.

**Од областа на сметководството, финансиите и ревизијата** во текот на 2012 година е донесен Правилник за формата и содржината на дополнителните финансиски извештаи на друштвата за осигурување и/или реосигурување. Со Правилникот се пропишуваат дополнителни обрасци за финансиско известување кои друштвата за осигурување се должни да ги доставуваат заедно со основниот сет на финансиски извештаи. Со дополнителните финансиски извештаи се утврдуваат стандарди за известување кои детално ги објаснуваат основните финансиски категории презентирани во финансиски извештаи. Со донесувањето на овој правилник се очекува подобрување на опфатот и квалитетот на финансиските известувања, што е од големо значење за спроведување на ефикасна и ефективна супервизија.

**Од областа на супервизијата и статистиката** се објавени следните подзаконски акти:

- Правилник за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување ги доставуваат до АСО согласно Законот за супервизија на осигурување;
- Правилник за минималната содржина на евиденцијата и начинот на пријава, резервација и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување;
- Правилник за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до АСО и крајни рокови и начини на поднесување на истите.

Со овие правилници се очекува да се постигне усогласеност на применетите стандарди во работењето на друштвата, подобрување на квалитетот и содржината на известувањата, како и еднообразност во известувањата.

## 3.2. Супервизија

АСО ја спроведува супервизијата на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурување и Националното биро за осигурување, во согласност со Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и останатите релевантни прописи. Исто така, АСО има надлежност да спроведува супервизија на физичките лица кои вршат осигурителни брокерски работи и работи на застапување во осигурување.

Супервизијата АСО ја спроведува преку: перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување и другите осигурителни субјекти преку прибирање, анализирање и верифицирање на доставените извештаи и информации, како и преку теренска (целосна или делумна) супервизија на работењето на осигурителните субјекти.

Во текот на 2012 година, АСО спроведуваше редовна вонтеренска супервизија која е заснована на известувања на учесниците на пазарот на осигурување. Податоците од сите друштва за осигурување се доставуваат на квартална основа: статистички обрасци; финансиски извештаи; вреднување на ставки од билансот на состојба; супервизорски извештаи; дополнителни финансиски извештаи и актуарски извештај, како и на месечна основа: коефициенти на ликвидност. Исто така, и осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување на квартална основа доставуваат статистички обрасци за структурата и обемот на работите за посредување во осигурување.

Друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување, сетот на извештаи, покрај во хартиена форма, од првиот квартал 2012 година започнаа да го доставуваат и по електронски пат преку АСО порталот кој претставува софистицирана апликациска платформа имплементирана од страна на АСО, а со цел да се подобри начинот на прибирање, чување и обработка на податоци од субјектите на пазарот на осигурување. На овој начин се овозможи поажурна и поефективна вонтеренска контрола на друштвата врз основа на доставените извештаи до АСО.

Врз основа на спроведената вонтеренска супервизија, АСО изрече 31 наредба за отстранување на незаконитости.

Во делот на супервизијата, согласно усвоениот годишен План за супервизија, АСО спроведува теренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување. Целта на теренската супервизија е оценување на сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на друштвото.

Согласно Планот за супервизија за 2012 година, АСО спроведе 9 теренски контроли кои се однесуваа на работењето на 6 друштва за осигурување, 2 осигурителни брокерско друштво и Националното биро за осигурување. Кај друштвата за осигурување 3 супервизии беа спроведени заеднички со претставници на регулаторните тела од земјите на мајките компании. Врз основа на спроведените теренски контроли, АСО издаде 76 наредби за отстранување на незаконитостите.

Комисијата за посредување при АСО спроведе постапка за посредување за 24 прекршоци. Притоа се постигнати:

- 13 спогодби за отстранување на последици од прекршок; и
- 11 спогодби за плаќање глоба.

Додека, пак, прекршочната комисија при АСО не спроведе ниту една постапка за прекршоци.

## 3.3. Лиценцирање

Во доменот на лиценцирањето, АСО во 2012 година издаде:

- 3 дозволи за основање на осигурително брокерски друштва (Осигурително брокерско друштво КОРАБ ИНС АД Скопје, Акционерско осигурително брокерско друштво НОВ ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР Скопје и Осигурително брокерско друштво ЦЕРТУС АД Скопје);
- 3 дозволи за основање на друштво за застапување (Акционерско друштво за застапување во осигурување ФОРТИС ПРО АД Скопје, АД за застапување во осигурување САФЕ ЛИФЕ Скопје и Друштво за застапување во осигурување РЕА ИНШУРЕНС ГРУП АД Скопје);
- 3 дозволи за воведување нова класа на осигурување (Друштво за осигурување ИНСИГ МАКДОНИЈА АД Скопје; Друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје и Национална групација за осигурување ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА АД СКОПЈЕ);
- 2 дозволи за овластен актуар;
- 5 согласности за вршење на функција член на орган на управување;
- 14 согласности за измена на Статут на друштво за осигурување;
- 16 согласности за друштва за ревизија на финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи на друштвата за осигурување;
- 1 претходна согласност за банка за вршење на работи на застапување во осигурување (Охридска банка АД Охрид)
- 3 согласности за стекнување на квалификувано учество;
- 412 лиценци за застапници во осигурувањето; и
- 63 лиценци за осигурителни брокери.

Со состојба на 31.12.2012 година вкупниот број на лиценцирани осигурителни брокери изнесува 262, а во 2012 г. се издадени 63 лиценци за осигурителни брокери. Во текот на 2012 година беа одржани три обуки за осигурителни брокери, а вкупниот број на лица кои ги посетувале обуките е 133. Исто така, во текот на годината беа организирани 5 испити на кои вкупно биле пријавени 105 лица, од кои 80 го положиле испитот.

Со состојба на 31.12.2012 година вкупниот број на лиценцирани застапници во осигурувањето изнесува 667. Во текот на 2012 година се издадени вкупно 412 лиценци за застапник во осигурувањето, а одземени се 124 лиценци. Низ процесот на едукација поминале 240 лица

организирани во 3 обуки за застапници во осигурувањето. Исто така, беа организирани и 3 испити на кои биле пријавени 159 лица, а 116 лица го положиле испитот.

## 4. Соработка со домашни и меѓународни институции

Еден од главните приоритети на АСО за 2012 година е заокружување на интензивната соработка со домашните регулаторни органи и други надлежни институции, како и со супервизорски тела и институции од странство.

Во текот на 2012 година, беше потпишан меморандум за соработка со Фондот за здравствено осигурување на Р. Македонија (ФЗОМ), кој претставуваше основа за успешна соработка поврзана со размената и употребата на информации меѓу двете институции. Исто така, беше потпишан уште еден меморандум за соработка со регулаторните тела на земјите со кои АСО има постојана соработка, и тоа со Комисијата за супервизија на осигурување на Молдавија.

Во 2012 година се одржаа 2 работни средби меѓу претставници на финансиските супервизорски органи во Република Македонија. Целта на овие средби е унапредување на соработката помеѓу регулаторните и супервизорските органи, во насока на одржување сигурен и стабилен финансиски систем, што претставува актуелна меѓународна практика.

Во рамки на потпишаните меморандуми за соработка со регулаторните тела и планот за теренска супервизија во 2012 година, а со цел зајакнување на супервизорските капацитети, беа организирани три заеднички теренски супервизии во присуство на претставници на регулаторните тела од Словенија, Австрија и Хрватска.

На покана на регулаторните тела на земјите членки на ЕУ, претставници на АСО учествуваа и во работата на 6 супервизорски колеџи кај регулаторните институции во 3 земји членки на ЕУ, и тоа во Австрија, Словенија и Бугарија. Супервизорските колеџи ги организираат регулаторните тела на ЕУ согласно насоките на Европскиот регулатор за осигурување (EIOPA) со цел подобар надзор на осигурителните групации кои се присутни во повеќе земји на ЕУ и земји кои се во различна фаза во пристапните процеси во ЕУ. Супервизорските колеџи претставуваат одлична можност за размена на искуства и заедничка примена на методологија.

Претставници на АСО учествуваа во работата на 19-тата годишна конференција на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS) која се одржа од 10 до 12 октомври 2012 во Вашингтон, САД, на тема *Супервизија на осигурувањето: Основи на глобалната финансиска сила.* Исто така, претставник на АСО учествуваше во работата на Супервизорскиот форум на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS) – работно тело формирано во 2011 година чија цел е да ја зајакне ефикасноста на супервизијата на осигурувањето и да се поттикне изедначување на супервизорските практики.

Исто така, претставници на АСО учествуваа во редовната работата на поткомитетите кои се составен дел на Комитетот за стабилизација и асоцијација (КСА) на кои беа презентирани

достигнувањата во секторот на осигурувањето во Република Македонија во делот на остварување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија.

## 5. Едукација и градење на капацитетите

Во рамките на своите програмски определби, АСО во 2012 година ги зајакна своите капацитети преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените заради ефикасно спроведување на супервизија.

Во насока на едукација и стручно усовршување на вработените од АСО, се реализираа посети на семинари, конференции и регулаторни тела за осигурување. Позначајни од нив се:

- Регионален семинар на тема Подобрување на издржливоста на осигурителите при менување на финансискиот свет, Базел, Швајцарија, мај 2012;
- Учество на семинар Солвентност 2 – во делот на регулаторни барања, Белград, Србија, мај 2012;
- Учество на семинар за заштита на потрошувачите - корисници на осигурување, Тирана, Албанија, јуни 2012;
- Осми меѓународен семинар за осигурителни супервизори во врска со основните супервизорски проблеми, Беатенберг, Швајцарија, јули 2012;
- Учество на работилница за ризично базирана супервизија во осигурувањето, Тирана, Албанија, септември 2012;
- Учество на Обука од областа на актуарските работи, Хелсинки, Финска, ноември 2012;
- Учество на курс за континуирана едукација на актуари и други стручни лица, Белград, Србија, декември 2012.

Во мај 2012 година АСО беше домаќин на Регионалниот семинар за осигурителни регулаторни тела од Централна и Источна Европа и од Централна Азија и Транскавказија, на тема: „Макропруденцијална и групна супервизија“. Овој настан беше организиран во соработка со Финансискиот институт за стабилност (FSI) и Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS). На семинарот присуствуваа претставници од осигурителните регулаторни тела на: Чешка, Литванија, Албанија, Бугарија, Полска, Азербејџан, Турција, Молдавија, Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Република Српска, Република Македонија и Црна Гора.

Во ноември 2012 година АСО го одбележа „Денот на осигурување“ со пригодна свеченост која се одржа во Музејот на македонската борба за државност и самостојност, во Скопје. На овој свечен настан беа поканети високи државни претставници, претставници од осигурителната индустрија и претставници од различни институции и тела со кои АСО има професионална соработка. На прославата му беше доделена награда за млад истражувачки труд од областа на осигурувањето и управувањето со ризик на д-р Јордан Ќосевски, за трудот на тема: *Влијанието на осигурувањето врз економскиот раст: случајот на Република Македонија*. Во рамки на настанот АСО организираше изложба во Музејот на македонската борба за државност и самостојност. На изложбата беа поставени полиси поврзани со историскиот развој на осигурувањето во нашата

земја, како и разновидни публикации и литература во врска со осигурувањето и управувањето со ризици.

## 6. Заштита на потрошувачи

Основната цел и главен приоритет во делувањето на АСО е постигнување на високо ниво на заштита на потрошувачите. Во оваа насока, во текот на 2012 година, АСО презеде активности со кои го започна процесот на едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни продукти на осигурување.

За таа цел, АСО изготви и издаде едукативни материјали во форма на брошури и флаери за различни видови на осигурување со кои се објаснува терминологијата на осигурувањето, како и подеталната содржина и значењето на ризиците покриени со поединечните осигурителни продукти.

АСО издаде брошура и флаер за *осигурување во земјоделството* кои имаат за цел да го промовираат купувањето полиси за земјоделско осигурување како ефикасен начин за заштита на земјоделските производи од ризици кои се поврзани со временските услови, природните катастрофи, штетниците и болестите. АСО, во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), учествуваше на 11 трибини кои беа организирани од страна на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) во периодот јули - август 2012 година, со цел да им овозможи на земјоделците повеќе информации за предностите кои ги имаат доколку го осигураат земјоделското производство.

Исто така, АСО издаде флаери за *осигурување на живот и осигурување на домаќинство* кои содржат податоци за основните поими кои се користат во осигурувањето, како и подетални објаснувања за овие два вида на осигурувања.

Сите едукативни материјали беа презентирани пред студентската популација, а електронските верзии се достапни на широката јавност на интернет-страницата на АСО.

Во насока на заштита на правата на осигурениците, АСО постапуваше по предмети доставени од осигуреници и корисници на осигурување, кои не биле задоволни од постапувањето на друштвата за осигурување. Во текот на 2012 година се поднесени **82** претставки, при што

- **64** се решени, од кои **30** во корист на подносителите на претставките,
- **14** се без основа за постапување, односно со непотполна документација, и
- **4** се во процес на решавање.

## 7. Проекти

Во рамки на проектните активности во 2012 година, АСО продолжи со имплементација на трите проекти кои започнаа во 2011 година, и тоа:

- Проект на Светската банка за осигурување од катастрофални ризици SEEC CRIF;
- Проект на Светската банка за либерализација на пазарот на автоодговорност во Македонија; и
- Грант од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за имплементација на информатичко решение на АСО за ефикасно спроведување на супервизијата.

Во текот на 2011 година започна со реализација регионалниот проект на Светската банка за осигурување од катастрофални ризици, при што АСО беше назначена за имплементатор на Проектот во Република Македонија, а истиот продолжи и во текот на 2012 година. Целта на овој проект е да се промовира развојот на осигурувањето од ризици од природни катастрофи и временски неприлики на домашниот пазар, со што на локалните стопанственици и на населението ќе им биде овозможено да купат прифатливи производи за осигурување од овие ризици, коишто во моментот не може да се најдат на пазарот.

Во рамки на Проектот функционираат две работни групи кои ги координира АСО, и тоа една од претставници на државни институции, а друга од претставници на друштвата за осигурување. Работните групи имаат за цел да придонесат за успешно имплементирање на Проектот, соодветно на условите на пазарот во Р. Македонија.

Исто така, во текот на 2012 година продолжија активностите и за Проектот на Светската банка за либерализација на пазарот на автоодговорност во Македонија. Целта на проектот е да помогне да се изгради регулаторна рамка и технички алатки потребни за поставување на актуарски издржани премиски стапки и технички резерви за осигурување од автоодговорност, како и да се осигура дека предложената регулаторна рамка за осигурување од автоодговорност е во согласност со легислативата на ЕУ за осигурување од автоодговорност, особено со обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ.

Врз основа на одобрената финансиска помош за развој и имплементација на информатичко решение (софтвер) од страна на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), во првиот квартал од 2012 година започна со работа новото софтверско решение на АСО. Притоа, друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување започнаа сетот на извештаи да го доставуваат по електронски пат преку АСО порталот.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Претседател на Советот на експерти,

д-р Климе Попоски

Број 02-531/6
Скопје
17.06.2013година